**Автор:** Фанија Ивановска
**Дата:** февруари 2025
**ISBN:** 978-608-4848-62-2
**PDF:** Gragjanska_vluchenost.pdf




**Облици на здружување во поддршка на граѓаните**

Црквите и верските заедници (23,1%) се најчесто наведениот облик на здружување за кој граѓаните сметаат дека најмногу придонесува за поддршка на нивните потреби, а политичките партии најретко (5,3%). Забележливи се регионални разлики: граѓанските организации се почесто посочени во Југозападниот (25%) и Пелагонискиот регион (23,3%), а синдикатите во Источниот регион (28,8%).

**Учество во непартиски, политички активности**

Најчесто споменувани форми на учество се потпишување петиција и учество во мирен протест (21,1% и 24,8%), додека кај сите други активности учеството е под 7%. Споредбата со 2021 година покажува пад кај сите форми на учество, особено кај категоријата „Не, но би учествувал/а“, каде се бележат значителни намалувања (од 21,4

до 24,5 пп).

Разликите според возраста се најизразени. Младите (18–29 години) се поподготвени за учество, а со зголемувањето на возраста расте и процентот на оние што воопшто не би учествувале. Регионално, највисоки нивоа на учество има во Југоисточниот и Скопскиот регион, а најниски во Источниот и Пелагонискиот регион.

**Причини за неучество во непартиски, политички активности**

Личните причини, односно недостатокот на интерес или волја за учество се најчестите причини за 46,8% од испитаниците да не учествуваат во непартиски, политички активности. Втора најчесто спомнувана причина е презафатеноста (25,3%), а трета е неинформираноста (10,3%).

Личните причини преовладуваат кај повозрасните испитаници, особено кај оние над 65 години (55,9%), додека кај младите (18–29 години) тоа е презафатеноста (28,9%) или недостигот на информации (10,2%). Во Југоисточниот и Полошкиот регион, личните причини го спречиле учеството во непартиски, политички активности на над 60% од испитаниците, а во Вардарскиот и Југозападниот регион, причината била неинформираноста (27,5%, односно 18,0%).

**Членство во граѓански организации**

Членството во граѓански организации е на исклучително ниско ниво, само 4,2% од испитаниците изјавиле дека членуваат во граѓанска организација. Причините за нечленување најчесто биле лични (недостаток на интерес или одбивање да се членува) за 33,8% од испитаниците, а презафатеноста и неинформираноста за 24,5% и 7,9% од испитаниците. Повозрасните испитаници почесто наведуваат лични причини, а неинформираноста е најзастапена кај младите и кај испитаници од рурални средини и од Североисточниот регион.

Интересот за волонтирање е највисок за социјални и хуманитарни организации, каде

што 30,1% од испитаниците изјавиле дека веќе волонтирале или би сакале да волонтираат. Подготвеност за вклучување е исто така има за еколошки организации (26,5%) и организации за култура и образование (23,3%). Жените, младите (18–29 години), етничките Албанци и жителите од руралните средини, почесто изразувале подготвеност за волонтерска активност, особено во области што се однесуваат на заштита на човекови права, животна средина и социјална помош. Наспроти тоа, отпорот кон волонтирање е најизразен кај постарите испитаници (65+) и кај мажите.